# Формулар за поднесување коментари

**Образец за доставување коментари предлози за ПУЖССА Проект „Реконструкција на локални улици во населено место Јегуновце – прва и втора фаза во Општина Јегуновце“**

**Главен опис на проектот**

Проектните активности за реконструкција на локалните улици ќе се одвиваат во општина Јегуновце.

Проектните активности за реконструкција на локалните улици од првата и втората фаза ќе се одвиваат во општина Јегуновце со вкупна должина од 1.553 m (делници од прва фаза) и 1.490 m (делници од втора фаза). Делниците од првата фаза ги опфаќаат улиците: 4, 5, 7, 8, 8А, 9, 9А, 9Б и 10, а делниците од втората фаза ги опфаќа улиците: 1, 2 и 3.

Коловозната конструкција по целата должина на улиците е со променлива ширина од 5 m, 4 m и 3 m (прва фаза) и 4,5 m и 3,5 m (втора фаза), и тротоари од едната страна со ширина од 1,2 m.

Проектните локации во општина Јегуновце претставуваат мрежа од помали улици. Улиците минуваат низ населбата, покрај приватни имоти и јавни објекти (во близина на улицата 4 е постоечката продавница покрај улицата 7 има основно училиште и фудбалско игралиште, локални маркети, фризерски салони и др.).

Во близина на н.м. Јегуновце има постоечки површински водотек, реката Бистрица, каде е предвидено да се одведува (дренира) водата од патните конструкции преку атмосферската канализација. Реката Бистрица се влева во реката Вардар.

Месното население од населбата Јегуновце ги користи проектните улици како главна врска со општинските центри на Желино, Теарце и градот Тетово. Со теренскиот увид и извидување на трасата на улиците, констатирано е дека коловозната конструкција по целата должина на улиците има видливи површински оштетувања и деформации со различна широчина, големи нерамнини, попречни прекопи на повеќе места поради изведување на електрични и ПТТ инсталации и повеќе не се во состојба да ги задоволат потребите во однос на носивоста, брзината и безбедноста во сообраќајот.

Населбата Јегуновце е во рамките на II заштитна зона на изворот Рашче. Во блиското опкружување на локациите на проектот, на растојание од околу 540 m на исток (од улиците од првата фаза) и 615 m на исток (од улиците од втората фаза), се протега реката Вардар, а на оддалеченост од околу 916 m на исток (од улиците од прва фаза) и на растојание од околу 602 m на исток (од улиците од втора фаза) се протега реката Бистрица.

**Електронска верзија од Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА) за проектот: „Реконструкција на локални улици во населено место Јегуновце – прва и втора фаза во Општина Јегуновце“ е достапна на следниве веб-страни**:

- Општина Јегуновце: https://opstinajegunovce.gov.mk/
- МТВ: http://mtc.gov.mk/
- ЕИП: www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Информации за контакт *** | **Е-пошта:** ____________________________<br>**Телефон:** ___________________________ |

**Коментар за ПУЖССА:**

| | |
|---|---|
| **Потпис** ______________________ | **Дата** ____________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на ПУЖССА Проект „Реконструкција на локални улици во населено место Јегуновце – прва и втора фаза во Општина Јегуновце“, ве молиме доставете ги на одоговрното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски Е-пошта: jozhe.jovanovski.piu@mtc.gov.mk**

**Во рок од 14 дена по објавувањето на ПУЖССА Проектот „Реконструкција на локални улици во населено место Јегуновце – прва и втора фаза во Општина Јегуновце“**
**(датум на објава: 09.06.2023 година )**

**Референтен број:** ____________________________

(потполнето од страна на одговорните лица за спроведување на проектот)